# ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ЗА 2020 ГОДИНА

Службен весник број: 1/2020; 111/2020; 269/2020; 313/2020;

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 40 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе.

## ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Финансирањето на училишните објекти од основното образование се врши согласно член 157 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19) Со оваа програма се планира завршување на градбите и реконструкциите на отпочнатите училишни објекти, отпочнување на нови градби, доградби, реконструкции, санации, обезбедување на стручно технички надзор во процесот на градежните активности, изработка на техничка документација и ревизија на документација за училишните објекти во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, врз основа на одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 140.000.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, на Раздел 16001 Министерство за образование и наука, Потпрограма ТА Изградба и Потпрограма ТБРеконструкција на основни училишта, ставка 482.

Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Потпрограма ТА Изградба на основни училишта:

| ПРЕНЕСЕНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ ЗА ОБЈЕКТИ | | | БУЏЕТ 2020 |
|---|---|---|---|
| **Општина** | **Име на училишен објект и место** | **Опис на градежни активности** | |
| **СТУДЕНИЧАНИ** | Нов училишен објект во м.в. Љубош с.Батинци | Изградба на нов училишен објект | |
| **ЧАШКА** | ОУ Лирија, с.Горно Јаболчиште | Доградба и надградба | |
| | | **ВКУПНО ПРЕНЕСЕНИ ОБВРСКИ** | **47.518.326** |
| **ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА ОБЈЕКТИ ВО 2020** | | | |
| **Општина** | **Име на училишен објект и место** | **Опис на градежни активности** | |
| **АЕРОДРОМ** | ОУ„Димитар Македонски“ нас. Лисиче | Довршување на изградба на нов училишен објект | |
| **БУТЕЛ** | Изградба на нов училишен објект во нас.Визбегово | Изградба на нов училишен објект | |
| **ВЕЛЕС** | ОУ „Васил Главинов“, ПУ во с. Клуковец | Изградба на нов училишен објект | |
| **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ** | ОУ „Тихомир Милошевски“с.Волково (Новоселски пат) | Изградба на крило | |
| **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ** | ОУ „Димитар Поп Беровски“ нас Хром | Изградба на крило | |
| **ТЕТОВО** | нов училишен објект за ООУ Наим Фрашери во КО Мала Речица | Изградба на нов училишен објект | |
| **ТЕТОВО** | ОУ „Рилиндија“ с.Селце | Изградба на нов училишен објект | |
| **ЧУЧЕР САНДЕВО** | Изградба на нов училишен објект ПУ во с.Долно Блаце | Изградба на нов училишен објект | |
| **ЧАИР** | ПОУ „Иднина“ | Изградба на нов училишен објект | |
| **ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА 2020** | | | **44.981.674** |
| Стручно-технички надзор при изградби, доградби и надградби на училишни објекти | | | 2.500.000 |
| Техничка документација, елаборати, ревизија на техничка документација, трошоци за обезбедување на податоци и услуги од страна на јавни институции, средства за непредвидени работи, дополнителни работи и вишоци по склучени договори | | | 5.000.000 |
| | | **ВКУПНО** | **100.000.000** |

**Опис на пренесени и планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени на Потпрограма ТБ –Реконструкција на основни училишта:**

| ПРЕНЕСЕНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ ЗА ОБЈЕКТИ | | | БУЏЕТ 2020 |
|---|---|---|---|
| **Општина** | **Име на училишен објект и место** | **Опис на градежни активности** | |
| **ЧАИР** | ОУ Васил Главинов | Адаптација на простор за санитарен јазол, со реконструкција на крило ( прва фаза) | |
| **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ** | Јоаким Крчовски с.Волково | Реконструкција на кров | |
| **ТЕТОВО** | ОУ„ Кирил и Методиј“ Тетово | Замена на кровен покривач | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ГАЗИ БАБА** | ОУ „25 мај“ нас..Сингелиќ | Реконструкција на котлара | |
| **ВКУПНО ПРЕНЕСЕНИ ОБВРСКИ** | | | **10.842.538** |
| **ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА ОБЈЕКТИ ВО 2020** | | | |
| **Општина** | **Име на училишен објект и место** | **Опис на градежни активности** | |
| **ВЕЛЕС** | ОУ „Блаже Конески“ | Реконструкција на систем за топловодно греење | |
| **КАРБИНЦИ** | ПУ „Страшо Пинџур“ село Крупиште | Реконструкција на опожарен објект | |
| **КРУШЕВО** | ОУ „ Никола Карев“ | Реконструкција на санитарен јазол, гардероби и кровен покривач | |
| **СТРУМИЦА** | ПУ ,,Сандо Масев” село Баница | Комплетна реконструкција | |
| **СТРУМИЦА** | ПУ ,,Сандо Масев” село Добрејци | Комплетна реконструкција | |
| **ПЛАНИРАНИ РЕКОНСТРУКЦИИ/ САНАЦИИ/ АДАПТАЦИИ ЗА 2020** | | | 22.157.462 |
| Стручно-технички надзор при реконструкција, санација и адаптација на училишни објекти, за обврски по склучени договори и за нови договори | | | 2.000.000 |
| Техничка документација, елаборати, ревизија на техничка документација, трошоци за обезбедување на податоци и услуги од страна на јавни институции, средства за непредвидени работи, дополнителни работи и вишоци по склучени договори | | | 5.000.000 |
| **ВКУПНО** | | | **40.000.000** |
| ВКУПНО (Потпрограма ТА ) | | | 100.000.000 |
| ВКУПНО (Потпрограма ТБ ) | | | 40.000.000 |
| **ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА 2020** | | | **140.000.000** |

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија," а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10989/1  28 декември 2019 година Скопје Претседател на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, с.р.